20251232777

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јуни 2025 година.

Бр. 08-3388/1
12 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија” број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 85/2009, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 215/21), во член 19 став 4 точка 5) во воведната реченица зборовите: „не постар од пет години” се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или” се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или”.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- сертификат и/или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија – англиски, француски или германски на најмалку ниво Б2 (B2).”.

Член 2

Во член 94 во ставот 1 по зборот „дејствување” се додаваат зборовите: „на територијата на Републиката или”.

Член 3

Во член 115-м во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.”.

Член 4

Во член 141-ж зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 5

Во член 155-а во ставот 7 зборовите: „изјави жалба до Државна комисија за одлучвање во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка" се заменуваат со зборовите: „поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".